Денес, во недела, 15 јануари 2017 година, е навистина посебен ден во историјата на Словенија.

Пред точно дваесет и пет години нашата држава беше меѓународно призната и со тоа неизбришливо се запиша на световната карта. Тоа беше возбудливо време кое сè уште се чувствува, како и неговата меморија која е жива како секогаш.

Таа година беше посебна по уште нешто – по тоа, што Словенија и Македонија воспоставија дипломатски односи, а Словенија потоа како прва држава ја отвори својата амбасада во Скопје, првата македонска амбасада пак беше отворена токму во Љубљана. Овие факти денес се веќе дел од дипломатската историја, а сеедно остануваат со нас во секојдневното живеење.

Двата јубилеи, двете 25-годишнини, ги обележавме минатиот петок, 13 јануари, кога во НЛБ Галеријата во центарот на градот ја отворивме фотографската изложба за липицанците. Липицанците се вид на коњи, кои се одгледуваат во местото Липица во југозападна Словенија повеќе од пола милениум од внимателните и со природата поврзани словеначки раце. Автор на изложбата е светски познатата Аленка Славинец, меѓународно признат фотограф, творец и уметник на визуелните комуникации.

Така со првиот дипломатски настан во Скопје годинава ја започнавме серијата настани, со која ќе ја одбележуваме 25-годишнината од дипломатските односи. Со бројни дипломатски, економски и културни настани низ целата држава ќе ја покажеме и прикажеме широката палета на дипломатски односи меѓу државите и нивните граѓани. Од минатото ќе одиме во иднината. Ве покануваме да ни се придружите!

Проф. д-р. Милан Јазбец
Амбасадор